# Коментар на неревидиран неконсолидиран Биланс на успех на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 01.01-30.06.2014 година

Во периодот од 01.01-30.06.2014 година Банката од своето работење оствари ***негативен финансиски резултат*** во износ од 139,6 милиони денари наспроти остварениот ***негативен финансиски резултат*** во истиот период минатата година во износ од 401,5 милиони денари, во услови на позитивно придвижување на домашната економија.

Остварената добивка пред исправка на вредност, е за 13,9% помала во однос на минатата година, што се должи на намалените нето приходи од камата и останатите приходи од дејноста, како и поради евидентирани нереализирани нето-расходи од работа со хартии од вредност. И покрај тоа, остварената добивка пред исправка на вредност е доволна да ја покрие евидентираната исправка на вредност на финансиските средства, која е за 42% помала во однос на минатата година, но треба да се има предвид дека врз негативниот финансиски резултат доминантно влијание има загубата за оштетување на имотот преземен по 01.01.2010 година, која согласно регулативата е евидентирана на 01.01.2014 година.

**Нето-приходите** *од камата* претставуваат основна компонента во формирањето на вкупните приходи од работењето и на 30.06.2014 година истите бележат намалување од 6,6% во однос на истиот период од минатата година, главно како резултат на намалени каматни стапки.

**Нето приходите од провизии и надоместоци** на 30.06.2014 година изнесуваат 435,5 *милиони денари* и во однос на истиот период од минатата година бележат минимално намалување од 0,7%.

**Нето приходите од курсни разлики** на 30.06.2014 година изнесуваат 58,7 *милиони денари* и во однос на истиот период од минатата година бележат зголемување од 56,7%.

**Останатите приходи од работењето на Банката** на 30.06.2014 година изнесуваат 78,2 *милиони денари* и во однос на истиот период од минатата година бележат намалување од околу 44%, кое главно е резултат на помалку остварените приходи од девизно-валутно работење.

**Вкупните трошоци за вработените и амортизацијата** за периодот 01.01-30.06.2014 година изнесуваат 530,1 милиони денари и во однос на истиот период минатата година се зголемени за 3,0%, како резултат на зголемен трошок за амортизација по основ на ставање во функција на новите деловни простории на Банката.

**Останатите расходи од дејноста** бележат намалување од 9,8%, главно како резултат на намалените расходи за девизно-валутно работење.

**Загубите поради оштетување на нефинансиските средства на нето основа** достигнаа износ од 264,1 милиони денари и во однос на истиот период минатата година бележат повеќекратно зголемување. Поголемиот дел од евидентираното оштетување се однесува на имотот преземен по 01.01.2010 година, кое согласно регулативата од НБРМ Банката е должна да го признае најдоцна до 01.01.2014 година, додека остатокот претставува загуба за оштетување по основ на продажба на преземениот имот и по основ на препроценки.

**Исправката на вредност на финансиските средства на нето основа** на 30.06.2014 година достигна износ од 846,4 милиони денари и во однос на истиот период минатата година бележи намалување од 42%.